# 293. МАЛКИТЕ МОМИ ДЕЛБА ДЕЛИЛЕ




Малките моми делба делиле,
на сека мома по едно момче,
на бела Рада црно рарпче.

Три дни го трила, два дни го мила,
па му претрила десното уфце,
десното уфце, левото рамо.

Па се чудила што да му прави,
па му купила три оки сапун,
па го одвела Вранската бања.

Па го качила на бела коња,
коњот белеје, оно црнеје,
бегајте деца апото иде.

Каракаш, Бранко. Антологија на македонски нардони песни. Скопје: Дега, 1995